# ПРОЕКТНА ЗАДАЧА (ТОР) 02/2016

## Ангажирање на ментори за поддршка на граѓански организации при изработка на документ за политики

во рамките на проектот
„Поголема партиципација – подобри политики и регулативи",
програма Цивика Моблитас

## 1. ВОВЕД

Квалитетот на процесот на подготовка на законодавството е од најголемо значење за демократијата, доброто управување и владеење на правото. Проценка на влијанието на регулативата (ПВР), општо позната како RIA (Regulatory Impact Assessment) е клучен процес за постигнување подобар квалитет на законодавството бидејќи обезбедува детална и систематска проценка на потенцијалните влијанија на новата или на изменетата регулатива врз повеќе општествени аспекти и врз основа на тоа дава можност за оценка дали таа ги достигнува посакуваните цели.

Во таа насока генерална цел на акцијата е да се промовираат принципите на добро владеење (отчет, транспарентност, учество, ефикасност и кохерентност) преку засилено влијание на граѓанските организации (ГО) во процесот на оценка (евалуација) на јавните политики и донесувањето одлуки.

Специфичните цели се отсликуваат преку потребата од јакнење на капацитетите на граѓанскиот сектор да делуваат како надзорни тела и регулаторен индикатор во процесот на подготовка на политики и законски предлози преку користење на механизмите, методите и алатките на *ex ante* и *ex post* евалуација.

Во таа насока дека преземените активности потребно е да ги дадат следниве резултати:

- Развиени аналитички знаења и вештини на ГО за користење на методите и на алатките за проценка на влијанието на регулативата и оценка на политиките;
- Подготвени две анализи/студии на случај (1 ex ante и 1 ex post оценка) на политики и регулативи (закони, директиви, стратегии, подзаконски акти) во соработка со државните институции;
- Подготовка на Документ за јавни политики со наоди заклучоци и препораки за одредени клучни политики.

## 1.1. Позадина на проектот „Поголема партиципација – подобри политики и регулативи“

Проектот „Поголема партиципација – подобри политики и регулативи“ е поддржан во рамки на програмата Цивика мобилитас, кој се реализира врз основа на Договор за акциски грант меѓу Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Центарот за управување со промени (ЦУП) како апликант, и Институтот за политики и добро владеење (ЗИП) како ко-апликант. Проектот е фокусиран на имплементацијата на целите и на резултатите утврдени во проектниот документ. Активностите на проектот се внимателно поставени за да се одговорат на потребата од креирање на подобри политики и регулативи и зајакнување на улогата на граѓанските организации во процесот на носење одлуки преку користење на различни аналитички методи.

**Центарот за управување со промени** (ЦУП) е главниот спроведувач на проектот и е непрофитна, невладина организација лоцирана во Скопје, Македонија, која работи и имплементира проекти кои имаат за цел да придонесат за развој на македонското општество и регионот. ЦУП промовира разбирање и ненасилни промени и се фокусира на меки мерки и политики кои им помагаат на различни ентитети да ги прифатат општествените промени како нормални ситуации и да ги претворат во позитивни резултати. ЦУП има неколку години работно искуство со различни државни институции во Македонија и широка соработка со граѓанскиот и бизнис секторот дома и во странство.

## 2. РАМКА НА ЗАДАЧАТА

### 2.1. Цел на мисијата / задачата

Генералната цел на задачата е да се зајакнат капацитетите на ГО преку менторство и поддршка во процесот на креирање на два документа за политики.

Конкретната цел на задачата е да се ангажираат двајца ментори кои ќе работат со ГО, ќе им помогнат и ќе ги водат низ процесот на анализа која ќе резултира со креирање на два документа за политики кои ќе ги тангираат темите поврзани со политиките за екстерно тестирање (еден) и политиката за отворени владини податоци (втор документ). Документот за јавни политики треба да содржи наоди заклучоци и препораки за избраните клучни политики.

### 2.2. Очекувани резултати

Водење и поддршка на ГО низ процесот на анализа која ќе ги достигне поставените цели на проектот опишани погоре – односно креирање на два документи за политики. Секој од менторите ќе биде поединечно назначен за поддршка на конкретна група на ГО кои ќе работат на една од избраните политики.

## 2.3. Активности на мисијата

Во рамките на мисијата, менторот ќе треба да ги реализира следниве активности:

- Да одржува средби и консултации со ГО во врска со спроведување на анализата и креирање на документот за политики. Динамиката на средбите ќе биде дополнително договорена со одржување на редовни состаноци во период од 8 месеци – најмалку еднаш месечно
- Да одржува средби и консултации со главниот истражувач назначен за соодветната тема како и менторот во врска со спроведување на анализата и креирање на документот за политики. Динамиката на средбите ќе биде дополнително договорена со одржување на редовни состаноци во период од 8 месеци – најмалку еднаш месечно.
- Да создава креативна атмосфера во која ќе ги охрабри граѓанските организации да заземат критички став, да ги споделат своите ставови и мислења а воедно ќе ги пренесе неговите знаења и искуства базирани на најдобрите практики за начинот на вршење на соодветна проценка на влијанието на регулативите или оценка на политиките темелени на докази.
- Да воспостави мрежа и ќе ги координира претставниците на ГО во нивните заеднички активности во однос на процесот на анализа и проценка, со цел да се подобрат нивните капацитети за идни слични акции.
- Активно да учествува со свои сугестии и ставови во фазата на подготовка на анализите/студиите на случај (ex ante или ex post оценка) во однос на конкретната политика и/или регулатива (закони, директиви, стратегии, подзаконски акти) за која е назначен и во соработка со државните институции;
- Да подготви извештај за менторството на крај на процесот.

# 3. ОРГАНИЗАЦИЈА

## 3.1. Тим за спроведување на задачата

За спроведувањето на активностите ќе се ангажираат двајца ментори кои имаат искуство во процесот на спроведување на анализи и проценка на влијанието на регулативата. Менторите ќе работат независно со својата група но истовремено тесно ќе соработуваат меѓусебно и со главните истражувачи, како и со проектниот тим на ЦУП и ЗИП. Менторите ќе бидат дел од проектниот тим за спроведување на оваа проектна задача.

## 3.2. Специфични квалификации

За реализација на оваа проектна задача се ангажираат двајца (2) ментори кои имаат широко искуство во изготвување, евалуација и апликативна примена на алатки за подготовка на анализи/студии на случај (ex ante и ex post оценки) во врска со проценка на политики и регулативи (закони, директиви, стратегии, подзаконски акти). Менторот освен теоретско познавање и универзитетска диплома од економските или од

правните науки, потребно е и да има и практично работно искуство во реализирање на слични анализи. Неопходни се добри комуникациски вештини и практично искуство во менторирање на групи. Искуство во соодветната област, е предност, но не и неопходен услов за реализација на оваа проектна задача.

### 3.3. Временска рамка (број на денови) / по ментор

| Фаза | Вкупно денови |
|---|---|
| **Менторство во спроведување на** *ex ante или ex post анализа* | **9** |
| **Извештај од менторство** | **1** |
| | |
| **Total (max.)** | **10** |

Утврдените денови ќе се реализираат во период од 8 месеци, почнувајќи од февруари 2016 година. Точниот датум за реализирање на планираните денови ќе се утврдува однапред во согласност со потребите на менторот и потребите на групата (составена од ГО), а во соработка со целокупниот тим за реализација на оваа проектна задача

### 3.4. Логистика

За спроведување на активностите од страна на проектниот тим на ЦУП и ЗИП ќе биде обезбедена следнава поддршка:

ЦУП проектен координатор – достапен во текот на целата мисија
ЗИП проектен асистент – достапен во текот на целата мисија
Логистичар- достапен во текот на целата мисија

Предлог вредноста за менторскиот ден, дел од понудата на менторот, а во врска со извршувањето на проектните задачи, потребно е да базира врз нивото на експертиза на менторот и локалните цени на пазарот.

Секоја средба и реализран менторски ден менторот ќе треба да го оправда и потврди со поднесување на time sheet во кој ќе се евидентираат остварените менторски денови како и преземените активности.

Плаќање: 50% по потпишување на договорот и 50% во рок од 30 дена по завршувањето на мисијата и поднесување на финалниот извештај.

### 3.5. Библиографија и документација

Во функција на успешно извршување на задачата на менторите ќе им биде доставена на располагање сета потребната документација со која располагаат ЦУП и ЗИП.